РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ
Бр. 02-433/2
26.08 2019 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 89,89-а ст.1 т.2 ,ст од Законот за средно образование(Сл.Весник на Р.Македонија бр 44/95, 98/15) и чл.79 од Статутот на ССОУ „ Димитрија Чуповски„-Велес ,на ден 26.08.2019 година на седницата на одржаниот Училишен одбор „ја донесе следната :

О Д Л У К А

(за предлагање на Годишен извештај за работата на ССОУ „ Димитрија Чуповски„-Велес во учебната 2018/2019 година)

Член 1

Предлог- Годишен извештај за работата на ССОУ „ Димитрија Чуповски„-Велес во учебната 2018/2019 година ,беше детално презентиран пред членовите на Училишен одбор на седницата одржана на ден 26.08.2019година и истиот беше едногласно усвоена.

Член 2

Училишниот Одбор при ССОУ „ Димитрија Чуповски„-Велес истиот Предлог- Годишна извештај за работата на ССОУ „ Димитрија Чуповски„-Велес во учебната 2018/2019 година го предложува на Совет на Општина Велес ,да го усвои во целост.

Член 3


Оваа Одлука стапува на сила од денот на нејзино донесување.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ ВЕЛЕС

Претседател на УО
Верка Југова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ
Бр. 03-433/5
30.08. 2019 год.
БЕЛЕС

ССОУ„ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ“ ВЕЛЕС



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2018/19 ГОДИНА

СЕКОЈ ПОЧЕТОК ЗАПОЧНУВА СО ПРВИОТ ЧЕКОР!

СЕКОЈ ПОЧЕТОК ЗАПОЧНУВА СО ПРВИОТ ЧЕКОР!

1.Вовед

2.Лична карта на училиштето

3.Организација на животот и работата во училиштето

3.1. Раководители на паралелки во учебната 2018/2019 година

3.2. Стручно педагошка екипираност на училиштето со кадар

3.3. Планирање и програмирање на наставата

3.4. Преземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа

3.5. Преглед на учениците при запишување во I година во учебната 2018/2019 година

3.6. Преглед на ученици и паралелки по струки на крајот на наставната 2018/2019 година

3.7. Преглед на стручен кадар

- наставен кадар

- стручен кадар

- раководен кадар

- други вработени

4. Настава – видови настава

4.1. Реализација на воспитно – образовната работа во училиштето

- редовна настава

- практична настава
- феријална пракса
- консултативна настава
- слободни часови
- изборна настава
- дополнителна настава
- додатна настава

4.2. Примена на наставни техники на учење и подучување

5. Развоен план и приоритети на развојниот план за 2018/2019 година

5.1. Задачи , активности и реализација од развојниот план

6. Преглед на планирани и реализирани часови по предмети

7. Преглед на освоени места по натпревари во 2018/2019 година

8. Преглед на општиот успех на учениците на крајот на наставната 2018/2019 година

9. Преглед на успехот на крајот на учебната 2018/2019 година

10. Преглед на изостаноци и поведение на учениците

11. Методи и техники на оценување и вреднување на учениците

12. Дополнителна и додатна настава

13. Учество во организирани манифестации

14. Воннаставни активности

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

15. Предавање за ученици
16. Семинари и обуки на наставници
17. Мисија и визија
18. Подрачја на промени и приоритети- цели на училиштето

1.Воведен дел

Училиштето „Димитрија Чуповски” своите почетоци ги бележи како отсек во рамките на средното училиште „Здравко Цветковски“ од Скопје во 1946 год. Во овој период веднаш по ослободувањето кога земјата се повеќе се развиваше на полето на индустријата и технологијата се јави потреба од соодветен кадар. Токму затоа, за првпат ќе се отвори хемиско-технолошката струка. Школувањето на почетокот траело три, а од учебната 1950/1951 година четири години. Во рамките на струката се подготвувале кадри за потребите на хемиската индустрија, па како таа се развивала така се повеќе се разгранувала и разновидноста на потребите од кадарот. Почетоците секако дека биле тешки затоа што во работата биле вклучени само неколку технолози, хемичари и техничари, бидејќи бројот на образовани луѓе по ослободувањето бил значително мал. Но ова не било пречка првата генерација успешно да се вклучи во индустријата и стопанството. Во следните генерации поголем акцент се става на зголемувањето на часовите за практична работа, а исто така се воведуваат и нови предмети кои се карактеристични за профилот хемиски техничар.

Во почетокот на 50-тите години Велес постепено прераснува во индустриски центар со фабрики во кои потребен е голем број профили од хемиско-технолошката струка. Затоа, на седница на Народниот одбор на Велес, на 02.07.1956 година донесено е решение за основање на Хемиско училиште со индустриска паралелка и практична обука. Ова училиште отпочнало со работа од 1.09.1956 година под името „Борис Кидрич“. Според потребите и растот на индустријата се зголемил и бројот на ученици. Во училиштето стекнуваат образование и ученици од различни делови на Македонија. Поради тоа, во истата зграда во центарот на градот бил отворен и интернат за овие ученици. Подоцна интернатот е преселен во посебна зграда и започнал да работи одделно.

Како се проширувала индустријата и како Велес прераснувал во индустриски центар се отворале и нови профили за потребите на индустријата во општината, кадар кој веднаш по завршувањето на образованието директно ќе се вклучи во производството. Во овој период се отвара профилот металуршки техничар, а подоцна и кадар за потребите и на текстилната индустрија.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Во учебната 1993/94 година со решение на Министерството за образование и физичка култура училиштето се преименува и го добива името на познатиот македонски деец и борец за слобода, Димитрија Чуповски. Од учебната 2000/2001 година во училиштето беше отворена уште една нова струка, здравствена, со образовен профил фармацевтски техничар, а во следните години и профилите медицинска сестра, физиотерапевтски техничар и медицинско-лабораториски техничар.

Денес средното стручно училиште „Димитрија Чуповски" е најстарото училиште во кое се изучува хемиско-технолошката струка и најстарото средно стручно училиште од формалното образование во општина Велес. Неговата работа е во постојана корелација со локалната средина, бизнис секторот и агенцијата за вработување, со што се креира уписната политика на училиштето за секоја учебна година. Училиштето постојано врши опремување и осовременување на лабараториите, кабинетите и просториите во кои се изведува настава, организира семинари и обуки за усовршување на наставниот кадар. Сето ова е со цел да се подобри квалитетот на наставата и воедно и наставниот процес.

Во својата 65-годишна работа во воспитно-образовната дејност наставниот кадар максимално се ангажира во создавањето на целосно оформени личности способни да одговорат на барањата на понатамошното образование на високошколските институции, како и во вклучувањето во производствениот процес во бизнис секторот.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com


1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Име на училиштето: ССОУ„Димитрија Чуповски“

Адреса на училиштето: ул. „Благој Ѓорев“бр.44-Велес

e-mail dimitrijacupovski_ve@yahoo.com

телефон 043/232-541 факс-043/232-541



Училиштето ги има следните граници и мери:

- од исток можност за пристап на ул. „Благој Ѓорев“
- од запад со два прелома 165 м и 118 м на ул. „Наум Наумовски Борче“

2.Организација на животот и работата во училиштето

Реализацијата на воспитно – образовната работа се темели на реализација на наставните планови и програми.

Наставата во учебната 2018/2019 година се изведуваше според реформирани наставни планови и програми од прва до четврта година.Воспитно-образовната работа за учениците е организирана во петдневна работна недела. Во текот на учебната година се реализираа180 работни, односно наставни денови.

Учебната 2018/2019 година започна на 01.09.2016 година, а заврши на 31.08.2019 година. За учениците од последната година со четиригодишно стручно образование редовната настава заврши на 19.05.2017 година.Настава се изведуваше во две смени (претпладне со почеток во 7:15 часот и попладне со почеток во 13:30 часот). Наставниот час е со траење од 45 минути. Зградата ја користат два правни субјекта.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија: прво полугодие од 02.09.2018 до 31.12.2018 година и второ полугодие од 21.01.2019 година до 10.06.2019 година. Зимскиот одмор започна на 01.12.2018, а заврши на 20.01.2019 година.

21 Март - Денот на еколошката акција на младите, Денот на училиштето и 24 Мај – Ден на Словенските просветители, се работни денови на кои се изведуваат културни манифестации. Неделната ангажираност е во рамките на неделниот фонд на задолжителната настава утврден со наставниот план и се движи од 20 до 24 часа, вклучувајќи го и часот на раководителот на паралелката.

Училишната библиотека која е во функција на воспитно образовниот процес како библиотечно-информативен центар во училиштето со својата дејност придонесува за современо воспитно образовна работа, укажува на изворите на знаења и го потпомага процесот на самообразование на учениците. Во текот на целата учебна година училишната библиотека собира, чува и дава на користење стручна литература и секаков вид на печатена литература и аудио-визуелен материјал, кој што може да биде извор и средство за успешна работа на учениците и наставниците. Во текот на учебната 2018/2019 год. библиотеката работеше секој работен ден (од понеделник до петок) во рамките на утврденото работно време.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Во учебната 2018/2019 год. книжниот фонд е обновен со следните наслови:

Во оваа учебна година книжниот фонд на библиотеката е обновен со следната стручна литература:

- 1 прирачник по Спорт и физичка култура
- 30 учебници по Хемија за 2 година
- 3 учебници по Применета козметика за 3 година
- 3 учебници по Микробиологија и инфектологија со нега за 3 година
- 170 учебници по Англиски јазик за 4 година

Целокупниот книжен фонд на библиотеката кој изнесува 16815 книги, од кои 9010 учебници од прва до четврта година и 7806 книги од повеќе видови литературни родови учениците и наставниците можат да го користат во текот на целата учебна година.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Раководители на паралелките во учебната 2018/2019 година

паралелка	Класен раководител	Број на ученици	Образовен профил
1/1	Билјана Гајдова - Николова	34	Фармацевтско-лабораториски техничар
1/2	Мицев Благој	35	Медицински сестри
1/3	Игнова Елеонора	23	Болничар негувател
1/4	Селмановиќ Рефика	13	Козметички техничар
1/5	Анастасова Лилјана	13	Хемиско – техолошки техничар
1/6	Валентина Јанакиева-Дечева	14	Прехранбен техничар
1/7	Карова Ирена	8	Месопреработувач
2/1	Иванова Цветанка	34	Фармацевтско-лабораториски техничар
2/2	Јанков Горан	36	Медицински сестри
2/3	Јовева Валентина	30	Козметички техничар
2/4	Хаџиева Снежана	22	Хемиско – техолошки техничар
2/5	Леов Ангел	19	Прехранбен техничар
3/1	Мицева Руска	23	Фармацевтско-лабораториски техничар

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

3/2	Југова Верка	32	Медицински сестри
3/3	Цветковска Диана	21	Физиотерапевтски техничар
3/4	Јовиќ Мимоза	18	Козметички техничар
3/5	Теова Надица	10	Хемиско – техолошки техничар
4/1	Ртоска Љубинка	34	Фармацевтско-лабораториски техничар
4/2	Билјана Василева-Бојчев	33	Медицински сестри
4/3	Најдова Емилија	34	Физиотерапевтски техничар
4/4	Карагирова Силвана	24	Козметички техничар
4/5	Јованов Методи	5	Хемиско – техолошки техничар
4/6	Дикова Емилија	20	Прехранбен техничар

Стручно - педагошка екипираност на училиштето со кадар

Во училиштето во текот на наставната година беа ангажирани 49 наставници групирани во четири стручни активи:

- Општо – образовен актив
- Природно-математички актив
- Хемиско – здравствен актив
- Технолошко - металуршки актив

Во стручната служба беше ангажиран педагогот на училиштето додека административната работа во училиштето ја врши едно постојано вработено лице секретар-советник за административно-правни работи и еден книговодител.

Планирање и програмирање на наставата

Со цел успешна реализација на наставта во учебната 2018/2019 година на почетокот на учебната година беше изработена Годишна програма за работата на училиштето со која се планирани обемот и распоредот на активностите што произлегуваат од наставниот план и програмите. По распределувањето на часови по наставни предмети наставниот кадар изработи годишни и темтски планирања. Распоредот на часови за редовна, додатна и дополнителна настава и распоредот на дежурства на наставници беа изработени во втората половина на август и истите беа уредно објавени на огласна табла, со што се обезбедија основни услови за работа.

Реализацијата на наставните планови и програми се потпираа врз Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование, Развојниот план на училиштето за период од 2017-2021година, Годишната програма за работа за учебната 2018/2019 год.бр. 02-826/2 од 30.08.2018 година и Календарот за организација на работата во јавните средни училишта во РСеверна Македонија, август 2018 год.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Посебно важна задача од областа на планирањето на нагледноста на часот е користење на нагледни средства како и примената на ИКТ и иновации за поквалитетна настава. За реализација на задачите максимално се користеа постоечките нагледни средства, а по одделни предмети самите ученици изработуваа соодветни нагледни средства: слики, шеми, модели, оригами, презентации и др.

Преземени активности во текот на годината за подобрување на услови за работа:

- Спроведени се хигиенско - технички активности во останатиот дел од училиштето: белење и генерално чистење;
- Склучени се договори за изведување на практичната настава со компаниите и институциите каде истата се изведува во зависност од струката;
- Набавени се потребни хемикалии, стакларија, извршена е поправка на апарати, ваги и сл. за непречено изведување на практичната настава и вежбите во лабараторија како и наставни помагала за иведување на наставата;
- Спроведени се санитарни прегледи на вработените;
- Спроведен е редовен систематски преглед на учениците во училиштето.
- Заменети се старите и дотрајани светилки со нови.
- Обновени се неколку табли
- Набавка на LCD проектори и нови нагледни средстав за реализација на наставата.
- Реновирана и опремена една нова просторија за потребите на наставниците и вонредните ученици.

На почетокот од учебната година се запишани 552 ученика, на крајот од наставната година останале 530 ученика, 7 ученика ја повторуваат годината , 15 ученика се отпишани.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Преглед на учениците при запишувањето во I год. во учебната 2018/2019 год.

Реден број	СТРУКА	ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕ	Успех од основно училиште				ПОВТОРУВАЧ	ВКУПНО
			одлични	Мн.добри	добри	доволни		
1	**Здравствена струка**	**4 години**	**69**	**0**	**0**	**0**	**0**	**69**
3	**Здравствена струка**	**3 години**	**2**	**13**	**3**	**2**	**0**	**20**
2	**Лични услуги**	**4 години**	**0**	**12**	**11**	**0**	**0**	**23**
3	**Хемиско-технолошка струка**	**4 години**	**1**	**5**	**11**	**7**	**1**	**25**
4	**Хемиско-технолошка струка**	**3 години**	**0**	**0**	**3**	**1**	**4**	**8**
	ВКУПНО		**72**	**30**	**28**	**10**	**5**	**145**

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Преглед на учениците и паралелките по струкина крајот од наставната 2018/2019 година

Реден број	СРТУКА	I - година				II - година				III - година				IV - година	
		Со 3-години		Со-4години		Со 3-години		Со-4години		Со 3-години		Со-4години			
		паралелка	ученици	паралелка	ученици	паралелка	ученици	паралелка	ученици	паралелка	ученици	паралелка	ученици	паралелка	ученици
1	**Здравствена струка**	1	24	**2**	**69**	0	0	**2**	**69**	0	0	**3**	**74**	**3**	**101**
2	**Лични услуги**	0	0	**1**	**22**	0	0	**1**	**26**	0	0	**1**	**18**	**1**	**24**
3	**Хемиско-технолошка**	1	7	**2**	**23**	0	0	**2**	**40**	0	0	**1**	**8**	**2**	**25**
	ВКУПНО	2	31	**5**	**114**	0	0	**5**	**135**	0	0	**5**	**100**	**6**	**150**

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Преглед на стручен кадар

Видот и степенот на стручната подготовка на вработените кој што се вклучени во воспитно- образовниот процес во училиштето се во согласност со нормативот за наставен кадар во средното образование донесен од МОН. Во реализација на наставата се вклучени директор, педагог, 3 лаборанти и 49 наставници, од кои 7 дополнуваат часови и во други средни училишта.

Наставен кадар

Наставен јазик	Степен на стручна оспособеност				
	Др	М-р	VII-1	VI	IV
Македонски јазик		3	44	/	3
Албански јазик	/	/	/	/	/
Вкупно	/	3	44	/	3
Од тие на определено време	/	/	9	/	/

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Стручен кадар

профил	Степен на стручна оспособеност				
	Д-р	М-р	VII-1	VI	IV
Педагог	/	/	1	/	/
Психолог	/	/	/	/	/
Социолог	/	/	/	/	/
Секретар	/	/	1	/	
Библиотекар	/	/	0.5	/	/
Вкупно	/	/	2.5	/	/

Раководен кадар

функција	Завршено образование			Работен стаж	Работно искуство на ова работна обврска
	Д-р	М-р	VII		
Директор	/	/	1	25	7
Помошник директор	/	/	/	/	/

Други вработени

Технички персонал	9	
на определено време	0	

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Настава - видови настава

Наставата и оваа учебна година се реализираше во паралелки од прва до четврта година во постоечките струки. Реализацијата на наставата се на македонски јазик, а во согласност со календарот за работа добиен од Министерството за образование и наука.

За успешно собладување на воспитно- образовните содржини во наставата беа опфатени следниве активности:

- редовна (задолжителна) настава
- практична настава
- професионална пракса
- консултативна настава
- изборна настава
- додатна и дополнителна настава
- слободни часови

1.1 Реализација на воспитно образовната работа во училиштето

Наставата се реализираше според наставните планови и програми кој се потпираат врз Законот за средно образование и годишната програма за работа на училиштето за 2018/2019 година. Неделната ангажираност на наставниците е во рамките на неделниот фонд на задолжителната настава утврдена со наставниот план и се движи од 20-24 часа, вклучувајќи го и часот на раководител на паралелка. По сите наставни предмети се реализираше вкупниот фонд на наствни часови утврдени со наставните планови и програми, а во реализација на воспитно-образовната работна се користеше информатичко – комункациската технологија. По оние предмети по кои нема учебници наставниците користат проширени наставни програми, вадат сегменти од други учебници, презентации и интернет.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Редовна настава

Редовната настава во училиштето се реализира на македонски јазик во согласност со календарот за работа од Министерството за образование и наука. Наставата се изведуваше во две смени (предпладне со почеток во 7:00 часот и попладне со почеток во 13:30 часот.), а наставниот час трае 45 минути.

Редовната настава се реализира со следниве содржини:

1.Задожителна настава - Оваа настава е организирана во паралелки од прва до четврта гоина, во рамките на постоечките струки, за образовни профили со четири годишно траење:

- ❖ Хемиско-технолошка струка
- ❖ Здравствена струка
- ❖ Лични услуги

Воспитно образовниот процес се реализира преку современа настава и употреба на информатичко-компјутерска технологија. Наставниците во реализацијата на наставата користат различни форми и методи на работа како и примена на современи наставни средстава: компјутер, видео, графоскоп, ЛЦД проектори и др. Со примената на активните методи на работа, наставниците создаваа атмосфера која поттикнува отворена и одговорна интеракција во училницата, поцврста интегративна и тимска работа, а со тоа ги оспособија учениците критички да мислат, да чувствуваат одговорност за сопственото учење и да соработуваат со другите.

Во планирањата по наставни предмети беше застапено годишно, тематско, развојно и дневно планирање на наставните содржини.

Оценувањето на учениците се вршеше континуирано во текот на целата учебна година според утврдени стандарди и критериуми за оценување. При оценувањето на учениците наставниците се користеа со усно и писмено оценување. Се оценува

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

нивото на совладаност на наставниот материјал, стекнатите вештини за примена на знаењето, логичкото размислување на учениците, поттикнување на иницијатива прифаќање на иницијатива како и редовноста и активноста на ученикот. Со употребата на техниката за самооценување учениците се оспособуваа да размислуваат за своите постигнувања и да станат самокритични во учењето.

Писмените работи се планирани и евидентирани во дневниците за работа на паралелките. Постигнатите резултати на учениците и изостанувањата редовно се запишуваа како во дневниците за работа така и во Е-дневникот. Наставата се реализира во специјализирани кабинети и опремени лабаратории со компјутери за индивидуализирана работа и потребни материјали и апарати за практична настава.

Практична настава во текот на учебната* 2018/2019 *година по струки

1.Хемиско-технолошката струка	Број на часови	Место на изведување
-хемиско-технолошки техничар	6+4+8	Лабораторија во училиште
-прехранбен техничар	6+6+6	Пекарска работилница
-месопреработубач	6	АГРИА
2.Здравствена струка		
-фармацевтско-лабораториски техничар	4+8+8	Лабораторија-училиште Приватни аптеки
-медицинска сестра	5+11+11	ЈЗО-Општа болница -Велес
-физиотерапевтски техничар	5+7+8	Кабинет по нега во училиштето
-болничар-негувател	6	ЈЗО-Општа болница -Велес
3.Лични услуги		
-козметички техничар	6+6+6	Училишен козметички салон Козметички салони – Велес

2.Практична настава

Практичната настава се реализира во посебно опремени кабинети и лабаратории во училиштето. Дел од практичната настава се реализира во здравствените установи во градот во компании и институции во зависност од струката. Училиштето со овие институции и компании има склучено договори за реализација на практичната наства под раководство на стручниот кадар од нашето училиште.

3.Феријална пракса

Учениците од втора и трета година во здравствена струка според наставниот план и програма реализираат феријална пракса во летниот период со траење од 20 работни дена.

4.Консултативна настава

Ваквиот тип на настава се реализира со учениците кои од различни причини не го завршле редовното школување и се запишале како вонредни ученици да изучуваат една од постоечките струки, а најголем број се од здравствената струка.

5.Слободни часови на училиштето

Слободните часови се реализираат според препораките на Центарот за стручно образование и обука на Р Северна Македонија за сите струки и образовни профили. Учениците во рамките на програмите за слободни часови изработуваат проекти кои имаат за цел проширување и продлабочување на своите знаења, умеења и вештини од соодветна област и теми. Слободните часови се основа за подготовка на проектна задача од матурските испити.
Слободните часови се реализираат во следниве области:

-Претприемништво
- Кариерно советување на учениците
-Учење преку работа
-Технологија

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

6.Изборна настава се реализира со учениците од трета и четврта година по предмети во зависност од струката и потребата за полагање на Државна матура и Завршен испит.

7. Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира во училиштето за сите образовни профили и струки согласно потребите на учениците. Оваа настава е наменета за ученици кои од различни причини заостануваат или имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, за учениците кои подолг период изостануваат од наставата по содветен наствен предмет како и по барање на учениците и родителите. Изготвен е и распоред за дополнителна наства и објавен е на огласна табла на почетокот на учебната година.

Примена на наставните техники на учење и подучување

Во реализацијата на наставата наставниците употребуваа најразлични форми и методи. Наставата се реализираше интерактивно со што се овозможи активно вклучување на учениците во реализација на наставата и усвојувањето на знаењата. Учениците работеа индивидуално, групно и во парови изработуваа сопствени презентации кои потоа фронтално беа презентирани пред целата паралелка. Исто така се користеше и дебата, демонстарација, илустрација, а беа употребувани и наставни средства од кои најчесто се употребуваа аудио-визуелни средства но и аудитивните во наставта по македонски и странски јазик.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

5.Развоен план и приоритети од развојниот план за 2018/2019 година

Приоритетни цели	Развојни цели
1.Наставним планови и програми	Цел1 : Зголемување на бројот на нагледни средства Цел 2: Спроведување на обуки на наставниците. Цел 3: Поголема транспарентност за успесите кои што ги постигнуваат учениците во воннаставните активности.
2.Постигнувања на учениците	Цел 1: Интензивирање на часовите за одржување на дополнителна настава
3.Учење и настава	Цел 1: Учество во проекти надвор од училиштето Цел 2: Намалување на бројот на изостаноците на учениците
4.Поддршка на учениците	Цел 1: Јавно истакнување на изготвените анализи и извештаи за постигнувањата и напредокот на учениците
5. Училишна клима	Цел 1: Интензивирање на меѓусебната соработка на наставниците како и на тимската работа во училиштето Цел 2: Подигнување на рејтингот и афирмацијата на училиштето во локалната заедница Цел 3: Зголемување на учеството на средношколската заедница во работата на училиштето
6. Ресурси	Цел 1: Транспарентност за финансиското работење
7. Управување раководење и креирање на политики	Цел 1: Изработка на елаборати за воведување на нови образовни профили Цел 2: Мотивирање на наставниците за подобрување на квалитетот на наставата
8. Еко-интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем – Здрава и чиста животна средина	Цел 1: Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем
9. Меѓуетничка интеграција во образованието	Цел 1: Продлабочување на соработката со различните етникуми од локалната заедница и останатите институции во опкружувањето. Цел 2: Вклучување на сите одговорни субјекти во училиштето во реализацијата на МИО активностите.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

5.1 Задачи и активности

Поставени задачи и активности за 2018/19год.		
Приоритет 1. Наставни планови и програми		
Цел 1. Зголемување на бројот на нагледни средства		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Зголемување на бројот на нагледни средства	*Набавка на прибор за техничко цртање, LCD проектор и модели за наставата по природни науки*	Во тек е постапка за набавка на 10 нови LCD проектори и електронска табла со кои ке се подобри реализацијата на наставата.
Цел 2: Спроведување на обуки на наставниците.		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Обуки за наставници	-Избот на теми -Реализација на обуки	На 30.08.2018год. се реализираше обука за работа со деца со посебни потреби. На 01.11.2018год е реализирана обука за изработка на ИОП. На 11.01.2019год. реализирана е обука за работа со МИМИО табла. Во месец Април реализирана е обука за развој на Меките вештини на наставниците.
Цел 3: Поголема транспарентност за успесите кои што ги постигнуваат учениците во воннаставните активности.		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Континуирано информирње за постигнувањата на учениците во воннаставните активности	- Известување на наставничкиот совет за активностите и успесите од воннаставните активности и нивно истакнување на огласна табла и во јавните гласила - Ажурирање на податоците за активностите и успесите од воннаставните активности на WEB страната на училиштето и социјалните мрежи	Сите воннаставни активности во училиштето,натпревар како и успесите што ги постигнуваат учениците и вработрените во училиштето редовно се објавуваат на веб-страната на училиштето и фб-профилот , додека позначајните и меѓународните постигнувања имаат и медиумска покриеност.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Приоритет 2: Постигнувања на учениците		
Цел 1: Интензивирање на часовите за одржување на дополнителна настава		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Одржување на дополнителна и додатна настава според даде план за работа	-Изработка на план за изведување на дополнителна и додатна настава -Посета на часовите по дополнителна и додатна настава од страна на педагошка служба и директор	Наставниците редовно реализираат дополнителна и додатна настава за која што поднесуваат извештај во службата на училиштето за реализирани часови и истите се заведуваат во дневникот на паралката, исто така наставниците кој реализираат дополнителна и додатна настава имаат списоци со потпис од присутните ученици на часовите како доказ дека истите се реализирани. Распоредот за реализација на дополнителна и додатна настава се прави на почетокот од учебната година и истиот се истакнува на огласна табла.
Приоритет 3:Учење и настава		
Цел 1:Учество во проекти надвор од училиштето		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Аплицирање за учество во проекти	- Формирање на тим за изработка на проекти - Израбока на проекти	На почетокот на годината формирани се тимови за изработка на проекти кои аплицираа за учество на повеќе проекти како домашни така и меѓународни. Во првото полугодие училиштето доби проект од Светска банка за развивање на меките вештини кај учениците и наставниците.Со овој проект беа опфатени 60 ученици и 30 наставници. Како резултат од работата на тимот аплицирано е во Националната агенција за Европски програми и добиени се два проекти во програмата ЕРАЗМУС + преку кои во текот на следната учебна година ќе се обучат 14 ученици и 6 наставника.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Цел 2:Намалување на бројот на изостаноци на учениците		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Мотивирање на учениците за редовно посетување на наставата	-Изготвување на правилник за наградување на најредовните ученици во паралелките -Зголемување на бројот на соработка со родители од страна на наставниците и стручната служба.	Изготвен е Правилник за наградување на најредовните ученици и на крајот на наставната година Наставничкиот совет ги прогласи и награди наредовните ученици.
Приоритет 4: Поддршка на учениците		
Цел 1: Јавно истакнување на изготвените анализи и извештаи за постигнувањата и напредокот на улениците		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Промоција на постигнувањата на учениците	-Истакнување на огласна табла и веб страна на училиштето	Сите постигнати резултати на општински, регионални, државни натпревари како и реализираните воннаставни активности и активностите реализирани во соработка со општината редовно се објавуваат на веб страната, фб профилот на училиштето како и огласната табла во училиштето. Ова воедно преставува и промоција на училиштето односно на сето она што училиштето го работи во текот на учебната година.
Приоритет 5: Училишна клима		
Цел 1: Интензивирање на меѓусебната соработка на наставниците како и на тимската работа во училиштето		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Подобрување на тимската работа	-Изработка на заеднички планирања по сродни предмети -Заеднички екскурзии за вработените	- Како и секоја година така и оваа наставниците по сродни и исти предмети во рамките на активи во училиштето направија поделба за планирање, реализација и меѓусебна посета на часови. - Училиштето редовно оргаснизира заеднички екскурзии за вработерните .

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Цел 2: Подигнување на рејтингот и афирмацијата на училиштето во локалната заедница		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Промоција на училиштето во локалната заедница и пошироко	-Изработка на флаери за промоција на училиштето -Ажурирање на податоците на веб страната на училиштето и социјалните мрежи -Формирање на тимови од училиштето за промоција -Промоција на училиштето во општината и останатите општини	Оваа учебна година покрај изработката на флаери и друг промотивен материјал за промоција на училиштето. Се врши редовно ажурирање на податоците од страна на задолжен наставник за веб страната и се додаваат нови информации кои што ќе им бидат од корист на идните и веќе запишани ученици во нашето училиште на нивните родители и останатите граѓани. Во месец Април се формираа и тимови од наставници кои го промовираа училиштето во нашата општина и во општините од регионот на Повардарието.
Цел 3: Зголемување на учеството на средношкилската заедница во работата на училиштето		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Изработка на проекти и работилници од учениците	-Изработка на план за активности на средношколската заедница -Реализација на планираните активности	Среднопшколската заедница беше активна во трекот на целата учебна година. На почетокот на годината се изработи програма за работа која што беше успешно реализирана до крајот на учебната година. Според програмата средношколската заедница реализирање 2 хуманитарни активности, реализираше едукативни работилници по повод светскиот ден на сидата за учениците од завршните класови во основното образование, спроведе анкета и заедно со службата во училиштето и наставникот по Граѓанско образование спроведе предавање на тема „Булинг“. Учествување во изборот на релацијата за екскурзија на ученици.

Еко - интеграција на еколошката едукација во образовниот систем		
Цел 1: Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Подигнување на еколошката свест	-ЕКО уредување на училишниот двор -Изведување на собирни ЕКО акции	Учениците масовни и активно учествуваа во спроведените акции за чистење на училишниот двор и во акции за собирање на пластика и хартија.
Меѓуетничка интеграција во образованието		
Цел 1: Продлабочување на соработката со различните етникуми од локалната заедница и останатите институции во опкружувањето.		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Да се обележат значајни датуми на припадниците на различните етнички заедници	-Учество во обележувањето на Денот на бошњаците -Учество во обележувањето на Денот на албанската азбука -Учество во обележувањето на Денот за граѓаните припадници на српската заедница на РМ -Учество во обележувањето на Денот на ромите -Учество во обележувањето на Денот на власите -Обележување на денот на МИО -Учество во обележувањето на денот на настава на турски јазик	Согласно планот на училишниот СИТ за Мултиетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) беа реализирани сите планирани активности. Сите позначајни празници на различните етникуми беа обележани со учество на ученици од различна етничка припадност со изработени презентации соодветни за темата која се обработуваше. При презентација на темите беа присутни повеќе ученици и наставници од училиштето.
Да се одбележат значајни датуми од интернационален карактер	-Новогодишен хепенинг и Божик -Обележување на денот на вљубените -Обележување на денот на жената	- Во рамките на МИМО оваа година беа одбележани позначајните датуми од интернационален карактер. Денот на вљубените беше обележан со испишување на љубовни пораки на различни јазици и стите од учениците беа залепени на хамер и

		изложени во холот на училиштето. Денот на жената 8 Март се обележа со изработна на честитки од страна на група на ученици со различна етничкла припадност.
Спроведување заеднички проекти и активности со партнер-училиштето	-Заеднички активности по повод деновите на училиштата	По повод обележувањето на Денот на училиштето се реализираа активности со учество на ученици со различна етничка припадност.
Ресурси		
Цел 1: Транспарентност за финансиското работење		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Навремено информирање за финансиското работење на сите инволвирани страни	Информирање на Наставничкиот совет за финансиите во училиштето	Наставничкиот совет редовно се информира за финансиското работење на училиштето.
Упрсвување раководење и креирање на училишни политики		
Цел 1: Изработка на елаборати за воведување на нови образовни профили		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Зголемување на бројот на нови верифицирани профили во училиштето	-Формирање на тим за изработка на елаборати за нови образовни профили -Изработка на елаборати за нови образовни профили	Најпрво на ниво на активи, а потоа и на Наставничкиот совет се донесе одлука училиштето оваа година да изработи елаборати за верифицирање на два нови профила: Техничар за заштита на животна средина од секторот Хемија и технологија и Гинеколошка сестра од секторот Здравство и социјала. За таа цел формирани се тимови од наставници кои треба да направат истражување на пазарот и да ги подготват елаборатите. Како резултат на посветеноста на оваа задача училиштето за следната учебна година 2019/20 веќе запиша една паралелка Техничар за заштита на животна средина.

Цел 2: Мотивирање на наставниците за подибрување на квалитетот на наставата		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
Наградување на наставниците кој што покажале исклучителни резултати во работата	-Формирање на тим за изработка на правилник за наградување на наставниците -Изработка на правилник за вреднување на работата на наставниците	Оваа активност е ставена како приоритет за наредната учебна година.

ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО ПРЕДМЕТИ ЗА ПРВА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2018-2019 ГОД.

	НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ	ПЛАНИРАНИ	РЕАЛИЗИРАНИ	%
1	Македонски јазик и литер.	756	756	100
2	Англиски јазик	684	687	100
3	Информатика	504	488	96.8
4	Историја	504	502	99.6
5	Спорт и спорт. активности	504	487	96.6
6	Музичка култура	252	243	96.4
7	Ликовна уметност	252	250	99.2
8	Биологија	504	507	100
9	Хемија	792	754	95.2
10	Физика	432	436	100
11	Математика	648	649	102

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

12	Латински јазик	144	142	98.6
13	Анатомија	144	142	98.6
14	Физиологија	216	213	98.6
15	Хигиена со здравствено воспитување	144	144	100
16	Лична хигиена и масажа	72	72	100
17	Техничко цртање и машин.ел	144	144	100
18	Козметика и фризерство	108	107	99,1
19	Естетика	72	71	98,6
20	Хигиена и микробилогија	108	106	98,1
21	Технологија на месо и месни производи	72	72	100
22	Основи на прехранбена технолог.	72	71	98,6
23	Практична настава	72	74	102,8

ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ВТОРА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2018-2019г.

	НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ	ПЛАНИРАНИ	РЕАЛИЗИРАНИ	%
1	Македонски јазик	540	535	99
2	Англиски јазик	540	541	100
3	Прехрамбена технологија	72	71	99
4	Фуди и метали	72	71	99
5	Историја на Макед.	360	362	100
6	Информатика	360	343	95
7	Математика	432	429	99
8	Физика	360	358	99
9	Хемија	360	360	100
10	Спорт и спорт.активности	360	354	98
11	Биологија	216	216	100
12	Аналитичка хемија	216	215	99
13	Фармакологија	72	68	94
14	Фармацевтска технологија	72	70	97
15	Фармакогнозија	72	69	96
16	Патологија	72	68	94
17	Основи на нега	72	68	94
18	Микоробиологијаи инфект.со нега	72	71	99
19	Микробиологија со санитација	72	73	100

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

20	Анатомија и физиологија	108	107	99
21	Дерматологија	72	71	99
22	Практична настава	900	894	99
23	Применета козметика	72	71	99
24	Процесна техника	216	217	100
25	Технологија	144	144	100

ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ТРЕТА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2018-2019г.

	НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ	ПЛАНИРАНИ	РЕАЛИЗИРАНИ	%
1	Македонски јазик	540	536	99
2	Англиски јазик	540	537	99
3	Бизнис	360	360	100
4	Физика-изборен	216	217	100
5	Спорт и спортски активности	360	352	97
6	Аналитичка хемија	72	70	97
7	Психологија	288	289	100
8	Фармакогнозија	72	72	100
9	Фармацевтска технологија	72	71	99
10	Биохемија	144	146	102
11	Практична настава	1368	1347	98
12	Микробиол. и инфектологија со нега	72	72	100
13	Интерна и педијатрија со нега	72	68	94

14	Хирургија и гиникологија со нега	144	139	96
15	Неурологија	72	71	99
16	Применета козметика-изборен	72	72	100
17	Биологија-изборен	288	291	101
18	Математика	72	72	100
19	Кинезитерапија	72	69	96
20	Математика-изборен	72	74	102
21	Хемија-изборен	144	140	97
22	Физикална терапија	72	68	95
23	Рехабилитација	72	70	97
24	Физичка хемија	108	105	97
26	Дерматологија	72	70	97
27	Фармакологија	72	73	101
28	Козметологија	108	108	100
29	Применета козметика	144	144	100
30	Практична настава - изборен	72	74	102
31	Процесна техника	108	108	100
32	Аналитичка хемија - изборен	72	70	97
33	Прехрамбена технологија	72	74	102
35	Технологија изборен - изборен	72	71	99

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ЧЕТВРТА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2018-19

	НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ	ПЛАНИРАНИ	РЕАЛИЗИРАНИ	%
1	Македонски јазик	594	587	98,82
2	Англиски јазик	594	596	100
3	Спорт и спортски активности	396	391	98
4	Бизнис	396	399	100
5	Граѓанско образование	396	394	99
6	Фармацевтска технологија	66	66	100
7	Фармакогнозија	66	67	100
8	Фармацевтска хемија	66	67	100
9	Броматологија со токсикологија	66	66	100
10	Хирургија со гиникологија и акушерство	99	96	97
11	Интерна и педијатрија со нега	66	67	101
12	Невропсихијатрија со нега	66	67	100
14	Практична настава	1551	1542	99
15	Физикална терапија	66	67	100
16	Рехабилитација	66	67	100
17	Козметологија	132	133	100
18	Применета козметика	132	133	100
19	Математика	132	123	100
20	Исхрана	66	67	10066

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

21	Физичка хемија	66	66	100
22	Х.Т.И.М	66	66	100
23	Прехрамбена технологија	99	101	102
24	Анализа на храна	66	66	100
25	Контрола на квалитет	66	66	100
26	Тенологија	66	66	100
27	Интерна и педијатрија со нега изборен	66	67	101
28	Хемија изборен	396	398	100
29	Биологија изборен	264	265	100
30	Физика изборен	330	331	100
31	Математика изборен	132	133	100
32	Физикална терапија изборен	66	67	101
33	Практична настава изборен	66	66	100
34	Прехранбена технологија изборен	66	66	100
35	Технологија изборен	66	66	100

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Преглед на освоени места натпревари 2018/2019 година

ОБЛАСТ	МЕНТОР	УЧЕНИК	ОПШТИНСКИ	РЕГИОНАЛЕН	ДРЖАВЕН	МЕЃУНАРОДЕН
Противпожарна заштита	Јовановски Љубе	Тим од ученици Коцевска Тамара Славеска Ана Киров Христијан	1	1	4	
Македонски јазик и литература - Рецитаторство	Ртоска Љубинка	Георгина Ртоска Ивона Богоевска	1		3 3	
Македонски јазик и литература	Верица Николова	Мартина Пешова Наталија Купенкова	1,2,3			
Лидер на струка – Лични услуги	Драгана Јованова Ирена Карова	Тим од ученици			2	
Хемија	Снежана Хаџиева	Михаил Трајков			1	
Лидер на струка – Прехранбен техничар	Дикова Емилија Валентина Јовева	Митевска Катерина Маријана Божилова			1	
Англиски јазик	Билјана Василева - Бојчев	Николова Николина Михаил Трајков				1 3
Биологија- Ноември месец на наука	Мицева Руска	Тамара Коцевска Викторија Шопова			3	

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Биологија	Рефика селмановиќ	Милена Бабунска	3			
Биологија	Мицева Руска	Тамара Коцевска Елеонора Мицева Александар Манев Катерина Ѓорѓиова Анѓела Иванова Викторија Тумбова Ана Славевска	2 2 2 3 3 3 3			
Биологија	Мимоза Јовиќ	Трајче Манев	3			
Народна техника биохемија	Мицева Руска	Викторија Тумбова			1	
Народна техника-екологија	Мицева Руска	Тамара Коцева			1	
Народна техника-ботаника	Мицева Руска	Виолета Шопова			2	
Народна техника-квалитет и безбедност на храна	Мимоза Јовиќ	Роберто Андов			1	
Народна техника-неорганска хемијас	Хаџиева Снежана	Викторија Јовева			2	
Народна техника-органска хемија	Хаџиева Снежана	Михаил Трајков			2	
Народна техника-квалитет и безбедност	Хаџиева Снежана	Александар Манев			2	

на храна						
Народна техника-микробиологија	Банева Александра	Стојанче Илиевски			2	
Биологија-регионален	Мицева Руска	Викторија Тумбова Ангела Иванова Тамара Коцевска Елеонора Мицева Александар Манев		3 2 2 2 2		
Биологија -регионален	Мимоза Јовиќ	Трајче Манев Нела Честојанова		2 3		
Физика	Емилија Најдова	Јовева Викторија				3

Во учебната година 2018/19 на ниво на општина Велес за најдобар просветен работник за средно образование беше избрана Хаџиева Снежана-наставник по хемија, а епитетот најталентиран ученик по вторпат го понесе ученикот Михаил Трајков-ученик во втора година од хемиско-технолошката струка, профил- хемиско-технолошки техничар.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Преглед на општиот успех на учениците на крајот на наставната 2018-2019одина

Год. Обра.	Вк. запишан	Ж	Постигнат успех				Вкупно	Со недоволен успех			Не оценети	повтор увачи	Ср. успех
			Одлични	Мн.добри	Добри	Доволни	Без сл	Со-1	Со-2	Со-3			
1-год со 4-год.об	114	89	54	27	15	0	96	4	8	6	3	3	3,57
1-год со 3-год.об	31	20	11	6	14	0	31	0	0	0	0	0	3,37
2-год со 4-год.об	135	105	59	33	32	2	126	2	4	2	1	2	3,76
3-год со 4-год.об	100	73	49	25	22	3	99	1	0	0	0	0	3,89
4год	150	122	87	29	29	5	150	0	0	0	0	0	4,04
Вкупно	**530**	**409**	**260**	**120**	**112**	**10**	**502**	**7**	**12**	**8**	**4**	**5**	**3,72**

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Преглед на успехот на учениците на крајот на учебната 2018/2019година

Год. Обра.	Вк .запишани	Ж	Постигнат успех				Вкупно	Ученици кои ја повторуваат годината			Неоцен.	Ср. успех
			Одлични	Мн.добри	Добри	Доволни	Без сл	М	Ж	Вк.		
1-год со 4-год.об	*114*	*89*	*54*	*29*	*19*	*7*	*109*	*5*	*0*	*5*	*0*	*3,69*
1-год со 3-год.об	*31*	*20*	*11*	*6*	*14*	*0*	*31*	*0*	*0*	*0*	*0*	*3,73*
2-год со 4-год.об	*135*	*105*	*59*	*33*	*32*	*9*	*133*	*2*	*0*	*2*	*0*	*3,78*
3-год со 4-год.об	*100*	*73*	*49*	*25*	*22*	*4*	*100*	*0*	*0*	*0*	*0*	*3,89*
4год	*150*	*122*	*87*	*29*	*29*	*5*	*150*	*0*	*0*	*0*	*0*	*4,04*
Вкупно	***530***	***109***	***260***	***122***	***116***	***25***	***523***	***7***	***0***	***7***	***0***	***3,75***

СПОРЕДБЕНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ГОДИНИ

Учебна година	Постигнат успех				Вкупно	Ученици кои ја повторуваат годината			Неоцен.	Среден успех
	Одлични	Мн.добри	Добри	Доволни	Без сл	М	Ж	Вк.		
2016-17	*213*	*101*	*139*	*55*	*508*	*1*	*2*	*3*	*/*	*3.54*
2017-18	231	117	108	14	475	3	1	4	*/*	3.62
2018-19	*260*	*122*	*116*	*25*	*523*	*7*	*0*	*7*	*0*	*3,75*

Во споредба со минатата учебна година кога успехот на учениците на крајот од наставната година изнесувал 3,62 оваа година е подобар за 0.13 и изнесува 3,75 исто така зголемен е и бројот на ученици без слаби. Ова се должи на подобрување на квалитетот на работа на наставниот кадар кој во реализацијата на наставата употребуваше нагледни средства, наставата се реализираше интерактивно со активно вклучување на учениците во совладување на новите наставни содржини. Исто така редовно се реализираа часовите по дополнителна и додатна настава на кои што учениците имаа можност да го надополнат и доградат своето знаење.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Преглед на изостаноците и поведението на учениците

Степен и год. на образование	ИЗОСТАНОЦИ				ПОВЕДЕНИЕ			
	Оправд	Неоп	Вкупно	Просек	примерно	добро	недоволно	вкупно
I. год со 4.год.обр.	4966	372	5338	46,8	**100**	**4**	**10**	**114**
I.год со 3.год,обр.	2036	274	3210	74,5	**19**	**12**	**0**	**31**
II. год со 4.год.обр.	6235	716	6951	51,5	**114**	**18**	**3**	**135**
III. год со 4.год.обр.	4557	380	4937	49,37	**89**	**11**	**0**	**100**
IV- година	7886	721	8607	55,5	135	15	0	**150**
вкупно	**25680**	**2463**	**28143**	**53,1**	**457**	**60**	**13**	**530**

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Споредбени резултати

Година на образование	ИЗОСТАНОЦИ				ПОВЕДЕНИЕ			
	Оправд	Неоп	Вкупно	Просек	примерно	добро	недоволно	вкупно
2016-2017	27219	1977	29194	54	487	40	11	538
2017-2018	23888	1673	25561	49,6	472	34	9	515
2018-2019	25680	2463	28143	53,1	457	60	13	530

Резултати од државна матура

Оваа учебна година државна матура полагаа вкупно 94 ученика, а го постигнаа следниов успех:

Македонски јазик и литература среден успех **3,86**

Англиски јазик: **3.21**

Биологија среден успех: **3.10**

Бизнис среден успех: **4.1**

Историја среден успех :**5.00**

Хемија среден успех:**4.00**

Среден успех од одбрана на проектните задачи за Државна матура и Завршен испит : **4.98**

Вкупниот среден успех на ниво на училиште постигнат на Државна матура изнесува: 4.03

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Методи и техники на оценување и вреднување на учениците

Оценувањето на учениците е усно и писмено, а се применува користење на тестови, есејски прашања и објективни тестови, наставни ливчиња, самооценување, листата за аналитичко оценување, тестови со повеќекратен избор и куси одговори, оценување од соученици, полупрограмирана настава, усна презентација и сл.

Формативно или тековно проверување кое всушност е континуиран процес на следење и контролирање на работата на учениците во наставата заради прибирање на податоци за резултатите од нивната работа и сумативното проверување кое се врши на крајот од учебната година или на полугодие со кое наставникот ја оформува оцената на ученикот.

Вонредните ученици се оценуваат најмалку во десет испитни рока со пријавување на максимум три испити во сесија. Оценувањето се врши пред комисија усно или писмено со извлекување на прашања, кај усното оценување и извлекување на тема од понудените три кај писменото оценување. Учениците упатени на поправен испит се оценуваат во два испитни рока односно во јуни и август. Оценувањето се врши континуирано во текот на целата година и при тоа се земаат во обзир целите на наствните програми, активноста на ученикот, редовноста, нивото на стекнати знаења и вештините за нивната примена врз основа на што наставникот формира мислење (оцена) за ученикот.

Дополнителна и додатна настава

За учениците кои имаа потешкотии во совладување на дел од наставните содржини по некои предмети,во текот наовој период одржани се вкупно 1153 часа дополниелнаи 1224 часа додатна настава. Дополнителната и додатната настава се реализираше согласно распоредот и планирањата на наставниците направени на почетокот на учебната година.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

1.8 Учество на организирани манифестации

1. КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА-На ден 07.11.2018 г во соработка со Црвениот крст на Р.Македонија во нашето училиште беше спроведена крводарителска акција. На оваа крводарителска акција беа собрани 44 крвни единици. Крв даруваа 28 женски и 16 машки ученика од кои 70% или вкупно од кои 33 ученика за првпат даруваа крв.

2. ДЕНОТ НА ГЛАДТА. По повод денот на гладните кој се обележува на 20.10.2017 г, во нашето училиште беше организирана хуманитарна акција. Средствата кои беа собрани од оваа акција беа донирани во хуманитарни цели на четири ученика од нашето училиште на кои што им беа најпотребни.

3. По повод Светскиот ден на чистењето на ден 15.09.2018год. нашето училиште зема активно учество во акцијата за чистење организирана од Општина Велес. Учениците и вработените беа распределени на повеќе локации околу главниот влез на училиштето, односно беше исчистен приодот околу главниот влез на училиштето, училишниот двор, зелените површини и пешачките патеки покрај училишната зграда.

4. 10 ученици и еден наставник од училиштето на 15.09.2018 год. земаа учество на Велешкиот пливачкиот маратон, кој се одржа на езерото Младост под покровителство на општина Велес. Присутните дадоа поддршка на развивањето на спортскиот дух на територијата на општината.

5.На 03.09.2018год. училиштето зема учество на Литературниот конкурс организиран од страна на –Клубот на писатели „Коста Солев Рацин" од Велес на тема „Ликот и делото на Коле Неделковски" во категоријата на средни училишта освоени се следниве награди: прва награда Симона Калешова, втора награда Наталија Купенкова и пофалница за Ана Славеска.

6.Во месец октомври 2018год. Учество на литерартурен конкурс од страна на ОУД„Лазар Лазаревски –Велес на тема „Мојот живот мој свет" каде што во категорија проза Мартина Пешова од 2-1 клас освои прво место.

7. На 18.12.2018год. ССОУ„Коле Неделковски"-Велес по повод патрониот празник на училиштето распиша литературен конкурс на трема „Есенските лисја на мојот прозорец". На овој конкурс освоени се следните награди: Камелија Јанева прво место во категотија проза, Наталија Купенкова прво место во категорија поезија, Олгица Ончева второ место во категорија поезија Ана Славеска второ место во категорија проза, трето место за Јовица Димивски во категорија проза, трето место за Мартина Пешова во категорија поезија, Сара Василева трето место во категорија проза и Христијан Ќиров пофалница.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

8.Учество на литературен конкурс на тема „Рацин, во срце те носам " по повод денот на училиштето на СОУ„Гимназија Кочо Рацин" каде што Наталија Купенкова освои трето место во категорија поезија.

9. Тим од наставници од нашето училиште присуствуваше на презентацијата на новите модуларни програми која се реализираше во ССОУ„Лазар Танев" – Скопје

10. Црвениот крст на Република Македонија – Општинска Организација Велес, во непосредна соработка со Централната канцеларија на Црвен Крст на Република Македонија,организираше информативна работилница за превенција од трговија со луѓе со акцент на мигранти. На оваа работилница учество земаа ученици од нашето училиште со наставникот по граѓанско образование Домазетова Билјана. Работилницата се одржа на 20.09.2018год во просториите на Општина Велес.

11.Училиштето зема учество и на пријателските спортски активности организирано од општина Велес по повод Европската недела на ден 27.09.2018година.

12.На 10.03.2019 год.учество на 11- Меѓународен фестивал на поезија и кратки приказни „Михал Бабинка" во Нови Сад, во категоријата средношколци, втора награда за поезија освои ученичката Наталија Купенкова од 2-1 клас, која на конкурсот учествуваше со три свои творби, под менторство на професорката по македонски јазик и литература Верица Николова.

13. Учество наа литературниот конкурс по повод Патрониот празник на училиштето ООУ„ Јордан Хаџи Константинов – Џинот-" Велес, ученичката Симона Калешова од 2-2 клас доби диплома за освоеното второ место. Ментор: Верица Николова. (Февруари 2019 год.)

14. По повод Меѓународниот ден на жената 8 – Март Клубот на писатели Коста Солев Рацин во соработка со Здружението на пензионери од Велес распишаа литературен конкурс на тема: „За мама" и ученичката Мартина Пешова од 2-1 клас го освои првото место. Ментор: Верица Николова . (Март 2019 год.)

15. На 10.03.2019 год. на 11- Меѓународен фестивал на поезија и кратки приказни ,,Михал Бабинка" во Нови Сад, во категоријата средношколци, втора награда за поезија освои ученичката Наталија Купенкова од 2-1 клас, која на конкурсот учествуваше со три свои творби, под менторство на професорката по македонски јазик и литература Верица Николова.Доделување на дипломи на 30.03.2019г.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

16. На 7.03.2019 год.по повод 8 Март - Меѓународниот ден на жената, во просториите на нашето училиште ССОУ „Димитрија Чуповски" - Велес, се одржаа низа активности во склоп на проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО), каде преку литературно читање, рецитали, песна и глума, учениците на најубав начин им го честитаа празникот на сите припаднички од понежниот пол. Учениците Симона Димовска, Бојан Димитров, Викторија Јовева и Љупче Митрески говореа за историјата и симболиката на овој празник како и за најмаркантните борци за правата на жените - Роза Луксембург и Клара Цеткин.

17. Учество на 10-тиот меѓународен фестивал на поезија и кратки приказни за основци, средношколци и млади до 30 години „Јанош Сивери" во Нови Сад, во категоријата средношколци, на 26.03.2019 втора награда за поезија освои нашата ученичка Наталија Купенкова, со творбата „Мајка" под менторство на професорката по македонски јазик и литература Верица Николова.

18. Учество на Детски Рацинови средби- трето место ученичката Ивона Богдановска –ментор Љубинка Ртоска.

19.Учениците од драмската секција под менторство на Љубинка Ртоска организираа две хуманитарни театарски претстави „Народен пратеник", собраните средства беа донирани за лекување на член од семејството на наш ученик.

1.13 Воннаставни активности

1.Програма по повод Денот на училиштето По повод Денот на училиштето на ден 14.11.2018година се одржа свечена програма во салата ,,Бели мугри". Одбележувањето на патрониот празник оваа година има посебно значење затоа што се одбележува 140 години од раѓањето на Димитрија Чуповски. Пред многубројната публика учениците го преставија животот, дејноста и значењето на Димитрија Чуповски како општественик, револуционер, историчар, етнограф, публицист, картограф основач на неколку значајни друштва на македонската емиграција и еден од најмаркантните македонски активисти, а пред се борец за создавање на независна македонска држава.

2.На ден 03-12-2015 година со почеток во 12 часот, во салата Бели мугри се одржа вториот регионален **„Квиз по хемија"** по повод активностите во врска со патрониот празник на училиштето. Во квизот натпреварувачи беа учениците од основните училишта од Општина Велес, а во ревијалниот дел настапија 5 учениците од ССОУ „ Димитрија Чуповски" со свој солистички настап. Пред преполна сала стекнатите знаења по хемија ги одмерија учениците од следните Општински основни училишта:

- ООУ„ Васил Главинов" - Велес - ООУ „ Блаже Конески " - Велес - ООУ „ Св. Кирил и Методиј " - Велес

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

- ООУ „ Благој Кирков" - Велес - ООУ „ Јован Хаџиконстантинов Џинот" - Велес

Овие екипи настапија со по три натпреварувачи во екипа и ментор, а присутни беа и навивачки екипи од секое училиште по 20 ученика. Екипите од натпреварувачи како и учесниците во ревијалниот дел беа со мешан етнички состав. Победник на овај прв општински квиз натпревар по хемија беа учениците од ООУ „Благој Кирков" - Велес кој ги добивме по првото дополнително прашање. Второто и третото место се одлучи со жрепка бидеки по регуларноит дел и дополнителните прашања двете екипи имаа ист број на бодови. Второто место му припадна на екипата на ООУ„Васил Главинов" - Велес, а третото место на екипата на ООУ„Св.Кирили Методиј".Сите учесници во овај квиз добија благодарници за учество, а наградените екипи дипломи за постигнатиот успех, како и производи изработени од фармацевската струка (за секој учесник на натпреварот) и слатки производи изработени во училишната работилница од страна на учениците од прехрамбената струка. Одговорен наставник за активноста Валентина Јовева. За забавниот дел се погрижи професорот по македонски јазик Љубинка Ртоска. За изработка на фармацевтските производи беше одговорна проф. Билјана Гајдова, а за слатките производи проф. Емилија Дикова.

3.На 12.11.2018год невладината организација за борба против диабетот „Лолипоп" реализирање работилница за ученици на која што учениците беа запознати со дијабетот – превенција и лекување и имаа можност практично да видат како се мери шеќерот во крвта и тоа да го испробаат на себе.

4.Средношколската заедница од училиштето по повод обележувањето на патрониот празник на училиштето организираше хуманитарна акција во која вработените и учениците даруваа облека, храна и средстава за хигиена. Донацијата се однесе во просториите на Црврниот крст од каде што ќе биде поделена на омие на кои им е најпотребна.

5. По повод 1-ви декември светски ден за борба против ХИВ/СИДА која се одбележува од 01 до 07 во месецот, Црвниот крст на Република Македонија Општинска организација Велес и нашето училиште одржаа низа едукативни сесии за учениците од деветто одделение на тема ХИВ/СИДА – заболување и превенција. Предавањето го реализираше д-р Суреја Малиќ- наставник по медицински стручни предмети во нашето училиште заедно со учениците Ана Славеска и Сара Јанева од 3-2 паралелка.

6.Во месец Декември се реализираше хуманитарна акција со продажба на новогодишни честитки и пекарски производи изработени од учениците во училиштето, а средствата собрани од оваа донација беа наменети за нашата сограѓанка Бисера. Исто така беа изработени и овогодишни пакетчиња кои беа наменети за деца од социјално загрозени семејства како и за деца со посебни потреби.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

7.По повод денот на училиштето на 15.11.2018год. се организираше литературен конкурс на тема „СИТЕ СМЕ ИСТИ- СИТЕ СМЕ РАЗЛИЧНИ“ на кој награди освоија Олгица Ончева во категорија проза, Камелија Јанева категорија поезија,Христијан Киров-проза и Симона Калешова – поезија.
8. Ликовен конкурс по повод патрониот празник на училиштето во организација на наставникот по ликовна уметност Ирена Илиќ.

1.14. Учество во Проекти и организирани активности во тековната година

1.Условен паричен надоместок - И оваа година со цел за подобрување на пристапот и квалитетот на образованието за учениците во средното образовние се реализира програмата за условен паричен надоместок. Во првиот класификационен период со оваа програма беа опфатени 23 ученик од нашето учулиште чии семејства се примателu на социјална помош.

2. Одби работа на црно- Во врска со проектот за воведување на средношколците на пазарот на трудот на Министерството за образование и наука – Одбиј работа на црно ,преставниците од Агенцијата за вработување Партнер, Агенцијата за привременивработување Мотиви и Агенцијата за привремено вработување Вработување Лизинг како и преставници за од Агенцијата за вработување на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука реализираа предавање во нашето училиште за учениците од завршните класови. На ова предавање учениците се запознаа со основните права и обврски од работниот однос како и условите и начинот на засновање на работен однос со почитување на законските регулативи. -На 24.10.2018год во соработка со УЈП-Велес се организираше предавање за учениците од четврта година со наслов „Даночна едукација“

3. Програмата за зголемување на соработката на училиштата и деловната заедница – Мерка 3: Воспоставување на курсеви со решавање на проблеми за зајакнување на меките вештини кај учениците. Со оваа програма опфатени се 60 ученици од училиштето и 30 наставника. Првиот дел од обуките наменет на ученици се реализираше во првото полугодие во месец декмври додека вториот дел за обука на учениците како и на наставниците ќе се ралізира во месец февруар и март.

4. Училиштето оваа година се вклучи во истражувачката студија за употреба на супстанци кај средношколската популација (ЕСПАД).

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com




5. Група ученици од 4-3 клас, физиотерапевтски техничар, во склоп за реализација на програмата „Учење преку работа“- слободни часови на училиштето го посети Центарот за рехабилитација Катлановска бања со одговорен наставник Љубинка Ртоска. При посетата имаа можност да се запознаат со улогата на физиотерапевтскиот техничар (задачи и обврски) во процесот на рехабилитација на пациенти со костозглобни заболувања и опоравување по скршеници или оперативни зафати. Учениците се запознаат со различните видови терапија: електротерапија, хидротерапија, со зрачни терапии, индивидуални масажи, како и групни вежби. На учениците им беше овозможено комуникација со вработени во центарот и преку разговорите имаа можност да се запознаат директно со сите апарати со кои располага истиот. Се информираа за СПА центарот и за соодветното образование за секое работно место. Разговараа и со пациентите и разговараа за нивните здравствени проблеми.

6. На овогодинешниот саем на образование кој се одржа во Кичево, на 12 април учениците од ССОУ„Димитрија Чуповски“ учествуваа во низа натпревари и ги освоија следните награди:

Интервју за работа на англиски јазик- Христијан Киров 3-та година ментор Благица Аризанова **1 место-златен медал**

Најдобар штанд на училиште -1- во место **Златен медал**

Љупче Митрески, Марија Диковска, Лорета Атанасова, Бојан Каракачанов, Анамарија Минова, Елеонора Мицева, Симона Тодоровска, Саше Видевски, Моника Драскачева, ИвановаАнгела, Александар Манев- ментори Снежана Хаџиева, Билјана Гајдова Николова, Емилија Дикова



Најдобра поетска творба: Георгина Ртоска 1-ва година ментор Љубинка Ртоска **3-то место бронзен медал** Ивона Богдановска 1-ва година ментор Љубинка Ртоска **3-то место бронзен медалНајдобро кариерно портфолио Христијан Киров 3-та година ментори Љ.Ртоска, Б.Аризанова и Е.Најдова 3-то место бронзен медал**

Најдобра драмска претстава 3-то место бронзен медал учесници : **Алксандар Јовчевски, Евгенија Гацова, Марија Димитрова, Лорета Атанасова, Бошко Ѓорѓевиќ, Филип Гочевски – ментор Љубинка Ртоска**

Интервју за работа на македонски јазик Илиевски Стојан 4-та година ментор Љубинка Ртоска

Јавно говорење Александар Јовчевски 4-та година ментор Љубинка Ртоска**Најдобар Маркетинг план** Ана Славевска, Јасна Иванова, Олгица Ончева, Симона Ширкова 3-та година, ментор Марина Крстиќ





Најдобра фотографија Христијан Киров 3-та година, ментор Емилија Најдова

Најдобра Модна ревија Марија Јовева, Катерина Јосифова, Сандра Атанасова и Ангела Ристова ментор д-р Александра Банева

Баскет - Кире Митушев, Стефан Стевков, Алексадар Здравев, Анамарија Крстевска

Катерина Анѓелова

Пинг-понг -Трајче Икономов, Ангела Попчева ментори Христо Љапов и Димче

Левков





1.15 ПРЕДАВАЊА ЗА УЧЕНИЦИТЕ

1. Во соработка со Управата за јавни приходи на ден 24.10.2018год во нашето училиште се реализираше едукативно предавње на тема: Данок и зошто да плаќаме данок. Учениците во првиот дел од предавањет беа запознат што е тоа данок и зошто е потребно да го плаќаме. Пред самиот крај добија задача да нацртаат по еден цртеж на кој што требаше да биде опишано како би изгледала државата кога би се плаќало, а како доколку не се плаќа данок.

2.Во соработка со МВР-Велес како и секој година така и оваа се реализираше предавање на тема ,,Насилство-Булинг"

3.„Биди и ти дел од АРМ" е насловот на предавањето реализирано од страна на АРМ со цел да се запознаат учениците како може да стапат во редовите на Македонската армија без да завршат воена академија.

4. 10.12.2018 „Семејно насилство" во соработка со унија на жени – Велес учениците имаа можност да се запознаат со поимот семејно насилство односно што се влегува во семејно насилство како и каде можат да се обратат и да побараат помош како би се заштитиле од истото.

5. По повод месецот за борба против ХИВ/СИДА се реализаше предавање за заштита од полови болести.

6.Работилница на тема: „Предрасуди и стереотипи - сличности и разлики". Во рамките на проектот Мировно образование, организиран од Првата детска амбасада „Меѓаши" на 28.02.2019 год. во нашето училиште се одржа работилница на тема: „Предрасуди и стереотипи – сличности и разлики". На работилницата учество земаа ученици од прва година од различен етнички состав, под менторство на професорката Елеонора Игновска учесничка во проектот Мировно образование и професорката Надица Теова и професорката Валентина Дечева. Учениците преку игра и вежби ги изнесоа своите размислувања и ставови поткрепувајќи ги со факти, докази и аргументи за надминување на предрасудите и стереотипите во нашето секојдневно живеење. Исто така донесоа заклучок дека иако сме различни сепак сите имаме исти потреби и дека различностите треба да се почитуваат.Насмевката, воодушевеноста и позитивната расположеност се забележуваше кај секој од присутните. Ова за нас претставува мотивација да продолжиме со изведување на вакви едукативни работилници и во иднина.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

7. Посета на Собранието на Р Северна Македонија- На 19 април беше организирана посета на учениците од четврта година во склоп на предметот Граѓанско образование со наставниците Биљана Домазетова и Љубинка Ртоска. Целта на посетата беше учениците да ја сфатат улогата и функционирањето на највисокиот орган во државата.



1.16 СЕМИНАРИ И ОБУКИ ЗА НАСТАВНИЦИ

- На 30 август се реализираше интерна обука на наставниците за работа со деца со посебни потреби.Обуката се реализираше во соработка со наставници од специјалното училиште ,,Маца Овчарова“-Велес.
- На 01.11.2018год е реализиратан обука за изработка на ИОП односно индивидуален план за деца со посебни потреби.
- Септември – обука за модуларно образование Скопје.
- 02.03.2019год. се одржа V-семинар за наставници по хемија од средните училишта.

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

Мисија

Училиштето создава средина во која континуирано се унапредува квалитетот на воспитно образовниот процес ги развива и унапредува клучните вештини на учениците, ги едуцира за практична примена на стекнатите знаења и имовоможуваосновазадоживотноучење,гиподготвувазапазарот натрудот и високошколските институции.

Визија

Напредување на образовниот процес преку кој учениците добиваат еднаква можност за стекнување повисоки резултати и повисока конкурентност, развивање на знаења и вештини и нивна примена во практика за вклучување во процесите на понатамошното образование и пазарот на трудот.

Да останеме отворена институција чија соработка со родителите, локалната заедница, социјалните партнери и останатите релевантни субјекти ќе послужи како пример за добра соработка.Мото

Успех постигнуваат оние кои застануваат на свои нозе и бараат услови кои им одговараат, а ако не ги најдат самите ги создаваат.

БЕРНАРД ШО

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

IV. Утврдување на подрачја на промени

Приоритетни подрачја за учебната 2018/19 година се следните:

Приоритет 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Цел 1. Спроведување на интерни обуки на наставниците

Ова учебна година до крајот на првото полугодие реализирани се неколку обуки за наставници согласно развојното планирање. На 30.08.2018 год. се реализираше обука за работа со деца со посебни потреби. Обуката беше реализирана во соработка со училиштето за деца со посебни потреби „Маца Овчарова"-Велес. Во контекс на оваа обука на 01.11.2018 година се реализираше уште една обука за изработка на плнирање за работа со деца по посебни потреби ИОП. На оваа обука наставниците се стекнаа со знаење како да изработат годишно и месечно планирање за деца кои што не можат да ја совлаааат програмата по која работи училиштето, односно прилагодување на програмата на нивните можности и способности во согласност со категоризацијата.

На 11.01.2019год. се реализираше интерна обука за наставници за работа со МИМИО табла. Се очекува дека со оваа обука ќе се подобри реализацијата на наставата како и совладувањето на наставните содржини од страна на учениците.

Цел 2. Опремување на работни простории и зголемување на бројот на нагледни средства. За оваа цел во тек е постапка за набавкаа на 10 нови LCD кои ќе послужат за подобрување на квалитетот на наставата.

Цел 3. Поголема транспарентност на успесите кои што ги постигнуваат учениците во воннаставните активности.

За успешна реализација на оваа цел сите воннаставни активности во училиштето покрај тоа што редовно се внесуваат во извештаите на училиштето од оваа година се објавуваат на веб страната и фб-профилот на училиштето.

Приоритет 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ .

Цел 1. Интензивирање на употребата на ИКТ и современи наставни форми и методи во наставата.

Во рамките на можностите наставниците при реализација на наставата се трудат што почесто да употребуваат ИКТ преку изработка на презентации какао и упатување на учениците на користење на содржини од интернет.Наставата е интерактивна

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

преку активно вклучување на учениците во процесит на стекнување на нови знаења. Учениците работат групно, но и во парови,а се користата методот на истражување,експериментирање како и практична работа кај стручните предмети. Покрај овие се користат и низа други наставни методи форми и технико со цел подобра настава и спремни ученици за пазарот на трудот.

Приоритет 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Цел 1.Изработка и учество на проекти надвор од училиштето.

Оваа година училиштето аплицираше за неколку проекти. Во првото полугодие од учебната година училиштето го доби проект финансиран од Светска банка - Програма за зголемување на соработката на училиштата и деловната заедница. Воспоставување на курсеви со решавање на проблеми за зајакнување на меките вештини кај учениците. Со оваа програма опфатени се 60 ученици од училиштето и 30 наставника. Првиот дел од обуките наменет за ученици се реализираше во првото полугодие во месец декмври додека вториот дел за обука на учениците како и на наставниците беше реализирана во месец Февруари за ученици и Април за наставници.

Приоритет 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Цел 1: Јавно истакнување на изготвените анализи и извештаи за постигнувањата и напредокот на учениците. Со цел поголема транспарентност на успехот и редовноста на учениците училиштето оваа година покрај истакнувањето на резултатите на наставнички совет, совет на родители, родителски средби и училишен одбор резултатите од постигнатиот успех беа истакнати и на огласната табла во училиштето како и ва веб страната.

Приоритет 5: УЧИЛИШНА КЛИМА

Цел 2: Подигнување на рејтингот и афирмација на училиштето во локалната заедница и пошироко.

Со цел подигнување на рејтингот на училиштето и негова промоција како во локалната заедница така и пошироко училиштето секоја година континуирано го промовора училиштето. Во првото полугодие од учебната 2018/2019 година тим од ученици од нашето училиште заедно со професорот Суреја Малиќ и Црвениот крст на град Велес реализираше предвања за учениците од основните училишта во градот по повод 1-ви декември светски ден за борба против ХИВ/СИДА. Исто така во функција на афирмација на училиштето направени се две хуманитарни акции наменети за социјално загрозените семејства од градот, а за новогодишните празници Училишната заедница на училиштето донираще пакетчиња за најмалите. Во второто

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com

полугодие од година се планирани промоции на училиштето од тимови на ученици и наставници, изработка на флаери како и јавно промовирање преку медиумите со цел информирање на јавноста за сето она што се работи во нашето училиште. Во месец Мај се формираа и тимови за промоција на училиштето како во нашата така и во околните општини од повардарието.

Приоритет 6: РЕСУРСИ

Цел 1:Транспарентност за финансиското работење.

Оваа учебна година финансискиот извештај е јавно соопштен на Наставничкиот совет и истакнат на огласната табла во холот на училиштето на овој начин вработените во училиштето имаа можност за увид во финансиското работење на училиштето.

Приоритет 7: УПРАВУВАЊЕ РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Цел1: Изработка на елаборати за воведување на нови образовни квалификации.

Најпрво на ниво на активи ,а потоа и на Наставничкиот совет се донесе одлука училиштето оваа година да изработи елаборати за верифицирање на два нови профила: Техничар за заштита на животна средина од секторот Хемија и технологија и Гинеколошка сестра од секторот Здравство и социјала. За таа цел формирани се тимови од наставници кои треба да направат истражување на пазарои и да ги подготват елаборатите. Како резултат на работата на тимовите на оваа задача училиштето за учебната 2019-2020год веќе запиша една паралелка Техничар за заштита на животна средина.

Изработиле:

Директор: Маја Хеско

Педагог: Весна Славеска

dimitrijacupvski_ve@yahoo.com